Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-473/13
13-12-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-473/1 од 23.08.2023 година поднесена од [redacted] од Скопје, против Васко Ѓурчиновски, Началник на Генералштаб на Армијата на Република Северна Македонија на Република Северна Македонија, со седиште на ул. Орце Николов, бр. 116 во Скопје, за сторена дискриминација врз основа на образование, политичка припадност и друга основа – пристап до соодветно работно место во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следново

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** кон лицето [redacted] од Скопје, врз основа на **образование, политичка припадност и друга основа – пристап до соодветно работно место** во областа на работата и работните односи, сторено од страна на Васко Ѓурчиновски, Началник на Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-473/1 на 23.08.2023 година, од страна на [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за сторена дискриминација врз основа на образование, политичка припадност и друга основа – пристап до соодветно работно место во областа на работата и работните односи од страна на Васко Ѓурчиновски, Началник на Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија.

Во претставката подносителката наведува дека по завршување на нејзината специјализација по Примарна стоматолошка здравствена заштита, а врз основа на Решение број 02-2998/1 од 08.05.2019 година на министерката за одбрана, не била поставена на адекватно работно место како стоматолог-специјалист. Имено, специјализацијата ја завршила на 16.11.2021 година по што со наредба на началникот на Генералштабот на армијата на Република Северна Македонија ( во понатамошниот текст: АРСМ ) била распоредена на старото работно место како општ стоматолог, под изговор дека во систематизацијата немало работно место со воено евиденциска

специјалност (ВЕС) од нејзината специјализација. Ваквата наредба именуваната ја обжалила до началникот на Генералштапот по што жалбата била одбиена.
Понатаму во претставката именуваната наведува дека на 25.04.2023 година и била соопштена наредба за поставување на адекватно место како специјалист стоматолог. Во рок од 4 дена по соопштувањето на оваа наредба, на именуваната и била изготвена нова наредба за поставување на место – заменик командант – началник на штаб на воен медицински центар. Место за кое подносителката наведува дека немала адекватно образование, ВЕС, работно искуство и квалификации од описот и пописот на ваквото работно место. Оваа наредба именуваната ја обжалила, жалбата и била уважена од страна на министерката за одбрана, а предметот бил вратен на повторно одлучување. Воедно во претставката се наведува дека и се вршела опструкција на нејзиното барање за регистрирање на стоматолошка дејност со цел да работи со пациенти во 60% од работното време, па и покрај тоа што немало правна пречка документи не биле доставени до Фондот на здравственото осигурување на Република Северна Македонија поради што постоела опасност да ја изгуби лиценцата за работа.
Подносителката нагласува дека откако била вратена од специјализација, со сите наредби за поставување не и се овозможувало да ја работи работата согласно нејзиното образование односно специјализација и истакнува дека покрај вознемирувањето, оневозможен и бил пристап до работно место и професионално остварување согласно нејзините квалификации.

Подносителката во два наврати изврши дополнување на поднесената претставка, од кои едното заведено под број 08-473/3 од 12.09.2023 година со кое во прилог достави документи: 1. Барање за регистрација на специјалистичка стоматолошка дејност во фотокопие, 2. Ургенција на Барање за регистрирање на дејност во фотокопие и Одговор на претпоставен командант на ВМЦ за проширување на дејност во фотокопие. Посочи дека наведените документи ги доставува со цел да биде утврдено дека и покрај нејзиното барање и ургенција да и се овозможи повторна регистрација како стоматолог, во оваа насока не било преземено ништо од страна на претпоставената команда, иако истата имала позитивен одговор и овластување да изврши регистрација на дејност.

Второто дополнување на претставката евидентирано е под број 08-473/5 од 02.10.2023 година и со истото подносителката ја известува Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дека на ден 18.09.2023 година на именуваната и била соопштена наредба за ново поставување ( наредба "Д" 21-20/1235 од 21.08.2023 година) на која вложила жалба број 1616/1 од 21.09.2023 година. Според оваа наредба именуваната била поставена на место доктор по општа стоматологија со ВЕС 32525 и формациски чин – капетан.. посочува дека нејзиниот личен вес е 32545, специјалист по примарна стоматолошка здравствена заштита, па следствено поставувањето не соодветствувало со нејзиниот ВЕС, чин и образование. Воедно посочува дека иако во Решение бр. 15/1-2633/2 од 28.07.2023 година на министерката за одбрана со кое била уважена претходно изјавената жалба на нејзиното претходно неадекватно поставување, била дадена препорака првостепениот орган (генералштабот) да ги

елиминира сите пропусти во постапката за донесување на обжалената наредба – по насоките на ова решение не било постапено, а пропустите не биле отстранети. Во ова дополнување подносителката наведува дека во актот за формација предвидени биле две формациски места со ВЕС и формациски чин кои во целост таа ги исполнувала, но истите биле пополнети со офицери кои немаат предвидени места во формацијата, односно имале несоодветни чинови. Посочува дека правилникот за Воено стручна евиденција точно ја дефинира личната ВЕС според образованието и дека постои разлика помеѓу општ стоматолог и стоматолог специјалист и дека тоа не се сродни воено евиденциски специјалности.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во меѓувреме се обрати со Барање за произнесување по наводи во претставка број 08-473/2 од 01.09.2023 година до Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија. По ова на 25.09.2023 година доставено е Известување по претставка од Министерство за одбрана на Република Северна Македонија заведено под број 08-473/4. Во известувањето се наведува дека во конкретниот случај нема повреда на правата на подносителот на претставката и во целост се испочитувани законските прописи и правата од работен однос на подносителката на претставката. Имено, согласно наводите во произнесувањето, со Наредба за преместување Д. Бр. 21-20/680 од 28.04.2023 година донесена од Началник на ГШ на Армијата именуваната била поставена на должност-Началник на штаб – заменик на командантот, во штаб во Воено-медицински центар на формациски чин мајор. Против оваа наредба именуваната вложила жалба број 03-1052/1 од 16.06.2023 година а со решение 15/1-2633 од 20.07.2023 година на министерката за одбрана жалбата била уважена и предметот бил вратен на повторно одлучување.. Постапувајќи повторно донесена е нова Наредба за преместување и поставување Д. бр. 21-20/1235 од 21.08.2023 година од страна на Началник на ГШ на Армијата со која именуваната се преместува и поставува на должност Доктор по стоматологија во воена амбуланта Скопје, во Воено-медицински центар во логистичка база. Воедно во одговорот е наведено дека против оваа Наредба подносителката нема изјавено жалба. Во врска со наводите дека подносителката има поднесено барање за регистрација на стоматолошка дејност со цел да работи со пациенти 60% од работното време за да ја продолжи работната лиценца, како и околноста дека барањето не е доставено до ФЗОМ од страна на претпоставените старешини, доставени се акти со образложенија во врска со наведеното, и тоа акт број 03-1544/1 од 12.09.2023 година и акт ОУ бр. 03-472/1 од 13.09.2023 година на ВП 2990/60 Скопје.
Во делот од претставката дека е сторена дискриминација по однос на политичка припадност во одговорот се наведува дека за изнесеното не е посочен сведок ниту било каков доказ и дека во конкретниот случај се работи само за претпоставки на подносителката на претставката.

Со оглед на наводите во Одговорот од Министерството за одбрана, Комисијата достави барање број 08-473/7 од 02.10.2023 година до подносителката заради доставање на жалбата по наредба за поставување од 21.08.2023 година доколку таква е поднесена. Во одговор, односно дополнување на претставка 08-473/8 од 04.10.2023 година, подносителката достави жалба бр. 1616/1 од 21.08.2023 година против Наредба Д. Бр. 21-20/1235 од 21.08.2023 година со која именуваната се поставува на работно место Доктор по стоматологија, ВЕС доктор по општа стоматологија 32525, формациски чин – капетан, со што наведува дека ова формациско место не соодвествува на нејзиниот ВЕС, чин и образование. Во предметната Жалба посочува дека нејзиниот личен ВЕС 32545 е стекнат со специјализација од областа на стоматологија ( Примарна стоматолошка здравствена заштита ) и не е во согласност со формацискиот ВЕС од местото на кое се поставува односно ВЕС 32525 ( општ стоматолог ).

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 05.10.2023 година се обрати со барање за дополнителни податоци број 08-473/9 до Генералштабот на Армијата и побара одговор на следните прашања:

- Дали со Актот за формација се предвидени работни места за специјалисти по Примарна стоматолошка здравствена заштита и колку?
- Доколку вакви работни места се предвидени – Дали се пополнети со лица, односно вработени кои ја имаат потребната специјализација?
- Дали има лица во Армијата на РСМ припадници на Воено медицински центар, кои биле упатени на специјализација, а по завршување на специјализацијата биле поставени на работни места – доктори по општа медицина или општа стоматологија?

Во интерес на постапката, Комисијата испрати и Ургенција број 08-473/10 од 12.10.2023 година до Генералштабот на Армијата, заради побрзо добивање на одговорите на поставените прашања кои се од клучно значење за правилно утврдување на фактичката состојба. По ова на 27.10.2023 година до Комисијата пристигнато е Известување по барање за дополнителни податоци, заведено под број 08-473/11 и во истото е наведено дека 1. Согласно актот за формација на Армијата, во составот на Армијата се предвидени две формациски места за специјалисти по Примарна стоматолошка здравствена заштита со формациски чин мајор. Понатаму, се наведува дека овие места се пополнети со доктори по стоматологија кои поседуваат ВЕС (воено-евиденциска специјалност) 32525 – Општ стоматолог и се со чин потполковник. Именуваните биле поставени согласно член 75 став (1) и став (4) точка 1 од Закон за служба во Армијата, согласно кој била поставена и подносителката на претставката. Во случаите кога воен и цивилен персонал се поставувал согласно овој член, поставените лица ги задржувале оние права и должности од својот чин кои биле поповолни за нив, а кое нешто се однесува и на подносителката на претставката. Во Известувањето исто така се наведува дека во Армијата има уште еден доктор

специјалист кој е поставен на формациско место – Доктор по општа медицина. Воедно имало и други пет офицери со чин полковник кои завршиле школо за национална одбрана ( ниво на доктор на науки ) а биле поставени на формациски места за кои е предвидена специјализација за командно штабни должности ( ниво на магистратура ), а кои биле поставени на формациски места за кои согласно акт за формација на Армијата не била предвидена таква специјализација. На крај се наведува дека доколку се укаже можност за поставување на подносителката на формациско место со звање Специјалист по Примарна стоматолошка здравствена заштита, именуваната ќе биде поставена на истото.

Подносителката на претставката со Појаснување број 08-473/12 од 21.11.2023 година даде свое произнесување по доставеното Известување од Министерството за одбрана, па во истото посочи дека во Армијата постојат две места за специјалисти од Примарна стоматолошка здравствена заштита кои се со формациски чин мајор и ВЕС 32545, а пополнети се со лица кое се општи стоматолози со чин потполковник и ВЕС 32525. Во Армијата немало друго лице со завршена специјализација од Примарна стоматолошка здравствена заштита и ВЕС 32545 освен подносителката на претставката, па следствено именуваната го поставува прашањето зошто се фаворизираат вработени кои немаат специјализација, а се поставуваат на работни места за кои специјализацијата е предвидена. Со наведеното посочува дека се крши Актот за формација. **Понатаму именуваната истакна дека за неа е спорно зошто била поставена на специјалистичко место, а по неколку денови била преместена на место Началник на штаб, за да во истиот ден друга вработена во Армијата, [redacted] биде поставена на специјалистичко место без специјализација, па прашува зошто се дозволило именуваната да потпише Записник за соопштување на Наредба на 30.05.2023 година додека подносителката на претставката сè уште била поставена на истото специјалистичко место, од причина што на [redacted] Наредбата за поставување на место Началник на штаб и била соопштена на 08.06.2023 година.**
Во однос на наводите кои се однесуваат на вработени во Армијата и кои имаат завршено школи за национална безбедност, а кои работата на места со Командно штабна Академија, подносителката наведува дека тоа е беспредметна компарација, од причина што овие две школувања биле употребливи и препознаени само од Армијата и не биле исти како медицинските специјализации. Наведува дека истите биле за интерна употреба и со времетраење од 9 месеци до 1 година и дека реално не биле во ранг на магистерски и докторски студии, бидејќи не ги исполнувале условите од Законот за високо образование.. Посочува дека **во Армијата не може лице да се упати на специјализација од медицински или стоматолошки гранки доколку нема пропишано формациско место.** Дополнително, посочува дека во Армијата има вработено лице кое има завршено специјализација по општа медицина и е поставено на место Општ доктор, но дека лицето е поставено на место началник на одделение за медицинска обука- со негова согласност и истото ги има завршено потребните обуки и е инструктор за курсеви кои се спроведуваат во одделението за медицинска обука.

На крај, во врска со член 75 став (4) од Закон за служба во Армијата согласно кој *Активен воен персонал - офицер, односно подофицер може да биде поставен на формациско место со непосредно понизок чин во следниве случаи:*
*1) поради укинување на формациско место на кое бил поставен, а нема можност да биде поставен на друго формациско место или на работно место определено со акт за систематизација на работите и задачите според неговиот чин,* подносителката на претставката посочува дека нејзиното формациско место не е укинато туку напротив предвидени се две формациски места за кои именуваната ги исполнува условите.

Од сето погореизнесено, односно од сите приложени документи, како и од сите изнесени факти и докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

- Подносителката на претставката [redacted] со решение број 02-2998/1 од 08.05.2019 година на министерката за одбрана, била упатена на специјалистички студии по Примарна стоматолошка здравствена заштита со што се стекнала со стручен назив – Специјалист по Примарна стоматолошка здравствена заштита.
- Со Наредба Д. бр. 21-20/598 на Началник на Генералшатб на Армијата која Наредба на именуваната и била соопштена на 25.04.2023 година, била поставена на формациско место – Специјалист по Примарна стоматолошка здравствена заштита во Воено медицински центар, во Амбуланта Скопје, место за кое именуваната целосно ги исполнува условите од формацијата формацискиот чин и нејзиниот ВЕС. На 28.04.2023 година изготвена и е нова Наредба за поставување Д бр. 21-20/680 од Началник на Генералштаб на Армијата, а за поставување на работно место Началник на штаб/Заменик командант на Воено медицински центар и оваа наредба и е соопштена на 08.06.2023 година заради нејзино оправдано отсуство. Во рок од 4 дена од соопштување на една наредба – изработена и е друга наредба за поставување со што е прекршен член 14 став 1 од Закон за служба во Армијата.
- Против Наредбата Д. бр. 21-20/680 именуваната изјавила Жалба број 03-1052/1 од 16.06.2023 година, а со Решение бр. 15/1-2633/2 од 20.07.2023 година на министерката за одбрана, жалбата била уважена, а предметот вратен на повторно одлучување. Во решението е констатирано дека првостепениот орган, носител на обжалената наредба, не ги применил законските и подзаконските акти значајни за донесување на наредбата и не постапил согласно член 74 став (1) од Закон за служба во Армијата поради тоа што во конкретниот случај не се навеле конкретните потреби на службата значајни за Армијата за поставување на именуваната на формациското место утврдено со обжалената Наредба. Воедно утврдено е и дека првостепениот орган не постапил и согласно член 75 став (1) од истиот закон.
- На 21.08.2023 година донесена е нова Наредба Д бр. 21-20/1235 од Началник на Генералштаб на Армијата со која именуваната се поставува на должност Доктор по стоматологија во Воена амбуланта Скопје. И против оваа Наредба [redacted]

[redacted] изјавила навремена жалба број 1616 од 21.09.2023 година, а по истата до денот на изготвување на ова мислење не е приложен акт за постапување на второстепениот орган по истата.

Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација најде дека врз лицето [redacted] од Скопје е сторено вознемирување врз основа на образование, политичка припадност и друга основа – пристап до соодветно работно место во областа на работата и работните односи, од страна на Васко Ѓурчиновски, Началник на Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија. Наведеното од причина што на [redacted] од денот на завршување на специјалистичките студии по стоматологија и стекнувањето на стручниот назив Специјалист по Примарна стоматолошка здравствена заштита во 2021 година, од страна на работодавачот не и е овозможен пристап до соодветно работно место кое одговара на степенот на нејзиното стекнато образование и покрај тоа што со Акт за формација се предвидени две работни места за кои именуваната во целост ги исполнува условите од аспект на образование, формациски чин и личен ВЕС 32545. Спротивно на наведеното овие места се пополнети со лица – доктори по стоматологија кои поседуваат ВЕС 32525 општ стоматолог со чин потполковник. Поради наведеното, Комисијата утврди дека се исполнети елементите на Вознемирување онака како е опишано во член 10 од Закон за спречување и заштита од дискриминација и тоа *Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.*

Заради сето констатирано, согласно член 21 став (1) точка 14, а во врска со член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ги дава следните

## П Р Е П О Р А К И

1. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** началникот на Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, Васко Ѓурчиновски да донесе соодветна Наредба и да ја постави [redacted] на работно место кое соодветствува на степенот на нејзиното образование, формациски чин и личен ВЕС, а кое е пропишано и предвидено со Акт за формација **и за тоа писмено да ја извести Комисијата во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење**.
2. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** началникот на Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, Васко Ѓурчиновски во иднина да се воздржи од преземање на било какви дејствија и постапки кои како последица би предизвикале

вознемирување врз вработениот персонал во Армијата на Република Северна Македонија.

Началникот на Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, Васко Ѓурчиновски треба да го исполни препорачаното, а доколку не постапи согласно овие препораки, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на надлежностите од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Известител- член на КСЗД, г-дин Лимко Бејзароски

Скопје
12.12.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
Дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Васко Ѓурчиновски, Началник на Генералштаб на Армијата на Република Северна Македонија,ул. Орце Николов бр.116, 1000 Скопје
- Архива